**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

# ПРОГРАМА

# ЗА УРЕДУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2026 НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

**КРИВА ПАЛАНКА**

**2025 ГОДИНА**

Врз основа на член 22 став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 52 од Законот за јавни патишта (Службен весник на РМ бр.84/08, 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011; 53/2011; 44/2012; 168/2012; 163/2013; 187/2013; 39/2014; 42/2014; 166/2014, 44/2015, 150/2015, 31/2016, 71/2016, 163/2016 „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21) и членот 14 став (1) точка 9 од Статутот на општина Крива Паланка (Службен гласник на општина Крива Паланка бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23 и 14/23), Советот на општина Крива Паланка на Седницата одржана на 09.12.2025 година донесе

# П Р О Г Р А М А

## за уредување на сообраќајна сигнализација за 2026 на подрачјето на Општина Крива Паланка

**Вовед:**

Со изградбата и реконструкцијата на локалната патна мрежа се појавува и потреба од соодветно уредување на сообраќајната сигнализација, што е законска обврска на општината од аспект на безбедноста на учесниците во сообраќајот.

Во таа смисла во последниве неколку години изработена е нова техничка документација -основни проекти за траен режим на сообраќај за главната улица СВ.Јоаким Осоговски на целата должина од клучка на влез кај Технички преглед до клучка на излез кај Мотел Македонија, со крак позади пошта, како и на дел од приклучните улици во урбаниот дел од градот. На главната улица како и на споевите со приклучните улици извршено е целосно поставување на сообраќајна сигнализација и елементи на хоризонтално и вертикално обележување. Извршено е и делумно сообраќајно уредување на дел од приклучните улици, па останува обврската во наредниот период да се изврши сообраќајно обележување на оние улици како и локални патишта за кои има изработено и одобрено основни проекти за траен режим на сообраќај.

Генерално, целта на програмата е преку соодветни постапки, мерки и активности да се обезбеди поголема сигурност и безбедност на сообраќајот на локалните улици и патишта

Програмата генерално ги опфаќа следниве сегменти:

### 1. Изработка на техничка документација

Секоја година во рамките на програмата се планираат средства за оваа намена и преку јавна набавка се склучува договор со лиценцирана фирма за

изработка на техничка документација за сообраќајно уредување. Главно се работи за изработка на основни сообраќајни проекти за траен и времен режим на сообраќај.

Треба да се напомене дека по прв пат во тек е изработка на Студија за режимот на сообраќај во централното градско подрачје која треба да покаже која варијанта за режим на сообраќај е најповолна и ќе придонесе за поефикасно одвивање на сообраќајот и за надминување на проблемот со недостаток на паркинг простори.

**2. Изведба на нова хоризонтална и вертикална сообраќајна синализација**

Преку лиценцирана фирма за изведба на сообраќајна сигнализација се врши поставување на нова хоризонтална и вертикална сообраќајна синализација за улици за кои претходно се изработени основни проекти за траен режим на сообраќај. Исто така, врз основа на претходно одобреи елаборати се врши и поставување на сообраќајна сигнализација од времен карактер за времен режим на сообраќај при одржување на манифестации, културни настани, концерти и сл., а заради безбедно и непречено одвивање на сообраќајот.

**3. Одржување на постоечка хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација,**

Под одржување се подразбира превземање на сите активности со кои постоечката хоризонтална и вертикална сигнализација за регулирање на сообраќајот континуирано ќе се одржува во исправна и функционална состојба. Тука првенствено се работи за обележување на хоризонталната сигнализација која согласно закон се обновува барем еднаш годишно. Овие работи исто така ги извршува лиценцирана фирма избeрена преку јавна набавка.

**Финансирање на програмата**

**Приходи:**

**Буџет на Општината..............................................................2.500.000 денари**

**Расходи:**

**1. Изработка на техничка документација со студија..........1.000.000 денари**

**2.Изведба на нова хоризонтална и вертикална сообраќајна синализација...........................................................................750.000 денари**

**3. Одржување на постоечка хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација......................................................................... ..750.000 денари**

**Вкупно 2.500.000 денари**

**Broj.09-6407/51**
**09.12.2025 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Миле Трајковски**

Ф.8.5/3-2

# АКЦИСКИ ПЛАН

## Оперативна, родово сензитивмна буџетска програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2026 година на Општина Крива Паланка

| Буџетска програма и конто | 1 | ЦЕЛ: Целта на програмата е превземање на активности за одржување во функционална состојба на хоризонталната и вертикалната сообраќајна сигнализација, проектирање на сообраќајно техничка документација за утврдување или измена на режимот на сообраќајот, како и изведба на нова сообраќајна синализација заради безбедно и непречено одвивање на сообраќајот на подрачјето на Општина Крива Паланка | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| **JD 482110** | **1. Проектирање на сообраќајната сигнализација, односно изработка на соодветна сообраќајно техничка документација за режимот на сообраќај на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка,**<br><br>**Студија за режим на сообраќај во централно градско подрачје** | **1.1.** Изработка на нова сообраќајно техничка документација , како и измена и дополнување на постоечка сообраќајно техничка документација за утвдување на режимот на сообраќај на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка.<br>**1.2** Приоритет за проектирање ќе имаат оние локални патишта и улици за кои во моментот ќе се јави потреба од поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација | Јануари – Декември 2026 | 19.000 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) кои ќе бидат опфатени со поголема безбедност во сообраќајот преку создавање на услови за поставување на соодветна сообраќајна сигнализација , односно изработка на сообрќајни проекти. | Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај<br><br>Раководител Никола Граматиков | **1.000.000, 00 ден** |
| **J6426990** | **2. Поставување на нова сообраќајна сигнализација согласно одобрена сообраќајно техничка документација.** | Превземање на сите активности со кои постоечката хор. и вер. сигнализација за регулирање на сообраќајот континуирано ќе се одржува во исправна и функционална состојба | Јануари – Декември 2026 | 19.000 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) кои ќе бидат опфатени со поголема безбедност на сообраќајот преку одржување на веќе поставената сообраќајна сигнализација | Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај<br><br>Раководител Никола Граматиков | **750.000,00 ден** |

Ф.8.5/3-2

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **J6426990** | **3. Одржување на постоечката хоризонтална и вертикална сигнализација** | **1.3.1** Поставување на нова хор. и вер.сигнализација согласно одобрена сообраќајно техничка документација за утврдување на режимот на сообраќај на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка | Јануари – Декември 2026 | 19.000 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) кои ќе бидат опфатени со поголема безбедност на сообраќајот преку поставување на нова сообраќајна сигнализација | Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај<br><br>Раководител<br>Никола Граматиков | **750.000,00 ден** |

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2026 година.